Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-30/2
Датум: 20-01-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-565/1 од 19.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, против Основен граѓански суд Скопје, застапуван од претседател – судија Бесник Авдија, со седиште на бул. "Гоце Делчев", бр. 3 во Скопје, Апелационен суд Скопје, застапуван од претседател – судијка Мери Дика Георгиевска, со седиште на бул. "Крсте Мисирков", бр. 1 во Скопје и Врховен суд на Република Северна Македонија, застапуван од претседател – судијка Беса Адеми, со седиште на бул. "Крсте Мисирков", бр. 8 во Скопје, за заштита од дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на правосудството и управата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на правосудството и управата, од страна на Основен граѓански суд Скопје, застапуван од претседател – судија Бесник Авдија, Апелациониот суд Скопје, застапуван од претседател – судијка Мери Дика Георгиевска и Врховниот суд на Република Северна Македонија, застапуван од претседател – судијка Беса Адеми кон [redacted] од Скопје.

## Образложение

1.

1.1 На ден 19.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка од страна на [redacted] од Скопје, преку полномошник [redacted] од Скопје, против Основен граѓански суд Скопје, застапуван од претседател – судија Бесник Авдија, Апелационен суд Скопје застапуван од претседател – судијка Мери Дика Георгиевска и Врховен суд на Република Северна Македонија, застапуван од претседател – судијка Беса Адеми, за заштита од дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на правосудството и управата.

1.2 Во претставката се наведува дека подносителката [redacted] била во брак со лицето [redacted] кој брак бил разведен со [redacted] од 03.02.2014 година на Основен граѓански суд Скопје. Со оглед на наведеното, на 16.01.2017 година именуваната повела постапка пред Основен граѓански суд Скопје со која барала утврдување на сопственост на нејзиниот дел од заедничкиот имот стекнат за времетраење на бракот, а на кој согласно позитивните законски прописи именуваната имала законско право. Според наводите, оваа постапка завршила со [redacted] од 10.10.2023 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по траење на истата од повеќе од 6 (шест) години, а со која се потврдиле пресудите на пониските судови, односно Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје. Имено, како е наведено во претставката, со горезаведената постапка [redacted] барала утврдување на право на сопственост на ½ од вкупниот недвижен и движен имот стекнат во брак со нејзиниот поранешен сопруг и утврдување на право на сопственост на ½ од вкупните удели кои нејзиниот сопруг ги поседувал во повеќе правни лица основани во Република Северна Македонија и надвор од неа. Пред првостепениот суд оваа постапка траела повеќе од 4 (четири) години, а одложени биле поголем дел од закажаните рочишта или конкретно, одложени биле повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта поради барање за вонсудско спогодување од страна на таму тужениот – поранешниот сопруг на подносителката – [redacted]
Според подносителката, судот ова го допуштил од причина што како странка во постапката се јавувал погореименуваниот кој е личност со исклучително влијание во општествениот живот. Во оваа смисла, посочува дека до сега не била забележана пракса на Основниот граѓански суд Скопје да пред истиот бидат одложени повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта заради наводно барање за вонсудско спогодување.

Понатаму, во претставката се наведува дека на 28.06.2021 година по повеќе од 3ипол години, судот закажал главна расправа на која донел решение дека на 21.09.2021 година (рочиште за главна расправа) ќе бидат сослушани подносителот и тамутужениот [redacted] На ова рочиште [redacted] од здравствени причини била спречена да присуствува поради што доставила поднесок со уредна медицинска документација и побарала рочиштето да биде одложено за друг датум. Основниот граѓански суд Скопје, според подносителката, наместо да го прифати ваквото нејзино барање, одлучил да ја заклучи главната расправа без нејзино сослушување и без сослушување на сведокот предложен од нејзина страна, а само сослушувајќи го тамутужениот [redacted] Со ваквото дејствие судот ја оневозможил странката во постапката, [redacted] да ја истакне својата одбрана. Заклучно, според подносителката, неовозможувањето на истакнување на одбраната од страна на тужителката [redacted] преку нејзино сослушување можело единствено да се сфати како дискриминација по основ на лично својство и општествен статус, а во контекст на тоа дека на тужениот му било овозможено да одложува повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта. Дополнително, именуваната на 25.06.2021 година до првостепениот суд доставила доказ со поднесок


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

со кој се потврдувало дека остварувала големи придонеси и плата со кои активно учествувала во зголемувањето на вкупниот заеднички имот, но првостепениот надлежен суд не го зел предвид ваквиот доказ ниту останатите докази приложени во текот на постапката и се водел исклучиво од доказите доставени од тамутужениот [redacted]

На крајот подносителката дава заклучно согледување дека Основниот граѓански суд Скопје индиректно преку навидум неутрална практика, ставил определено лице – конкретно подносителката [redacted] во понеповолна положба врз дискриминаторска основа – лично својство и општествен статус – во споредба со друго лице, во случајов [redacted] на начин што водел неправично и нефер судење, индиректно дискриминирајќи ја именуваната преку наводно основано одложување на 13 (тринаесет) подготвителни рочишта. Сето ова било поради влијателноста на тамутужениот [redacted] која ја имал во општественото живеење. Сите овие дејствија биле потврдени и од страна на Апелационен суд Скопје и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

1.3 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 11.09.2024 година достави Барање за произнесување по наводи во претставката до

- Основен граѓански суд Скопје, заведено под број 08-565/3,
- до Апелациониот суд Скопје,заведено под број 08-565/2 и
- до Врховен суд на Република Северна Македонија, заведено под број 08-565/4.

1.4 На 25.09.2024 година во Комиијата пристигнато е Изјаснување по наводи од претставка СУ-03-296/24-2 од 18.09.2024 година на Апелационен суд Скопје во кое е наведено дека овој суд изнесените наводи во претставката ги спори од причини што во согласност со член 33 од Законот за судовите, Апелациониот суд Скопје е надлежен да решава по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје па судот во совет составен од судиите [redacted] на 31.03.2021 година одлучувал по жалба на Решение на Основен граѓански суд Скопје [redacted] од 25.02.2021 година за издавање на привремена мерка во правната работа на тужителот – доверител [redacted] од Скопје против тужениот - должник [redacted] од Скопје при што жалбата на тужителот ја одбил како неоснована, а решението на Основен граѓански суд Скопје со кое го усвоил предлогот за изрекување на привремена мерка – забрана на тужениот да оттуѓи, располага или оптовари со стварни права и товари и на било каков начин конкретен имот – предмет на постапката пред првостепениот суд, го потврдил во рамки на законски утврдениот рок за вкупно 6 (шест) дена.
Како е наведено во произнесувањето, во согласност со член 355-а од Закон за парничната постапка, второстепениот суд носи одлука по жалба најдоцна во рок од три месеци, а во посложени предмети во рок од шест месеци од денот на приемот на предметот, односно жалбата во работа. Понатаму, Апелационен суд Скопје во совет составен од судии [redacted] по правната работа на тужителката [redacted] против тужениот [redacted] за

утврдување на сопственост на имот стекнат во брак, како и по противтужба на противтужителот [redacted] против противтужена [redacted] за утврдување на сопственост на имот стекнат во брак, постапувајќи, односно решавајќи по жалба на тужителката – противтужена и жалба на тужениот – противтужителот, а против Пресуда на Основен граѓански суд Скопје [redacted] од 04.10.2021 година, донел [redacted] на 16.02.2022 година. И во овој случај судот посочува дека неговото постапување било во рамки на законски утврдениот рок, односно два месеци од денот на прием на предметот во работа. Во оваа смисла се констатира дека судот по правната работа меѓу гореименуваните странки одлучувал без одложување, во рамки на законските надлежности, применувајќи еднакви принципи, ги заштитил процесните права на двете странки во постапката, и тоа во рамки на законски утврдените рокови па следствено посочува дека може да се заклучи дека елементи на ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА, односно дискриминација вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период , НЕМА.

Понатаму, во изјаснувањето од страна на судот се наведува дека подносителката на претставката [redacted] во истата ја образложувала постапката водена пред судовите во Република Северна Македонија, но никаде не нотирала елементи на индиректна дискриминација случена во Апелационен суд Скопје, а која би постоела кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, Апелациониот суд Скопје би ја поставил именуваната во понеповолна положба споредено со [redacted] чија жалба била одбиена, врз дискриминаторкса основа, односно врз основа на лично својство и општетсвен статус. Потенцира дека во текот на постапката на двете странки им било дозволено и истите преземале законски дозволени дејствија и она што било видливо и од документацијата нотирана во претставката е дека и на двете странки им биле дозволени пропорционални инструменти, соодветни и неопходни за утврдување на фактичката состојба во предметот за утврдување на сопственост стекнат во брак, а секој приложен доказ од странките бил земен предвид и ценет од судечкиот совет.

Воедно во изјаснувањето се наведува дека подносителката на претставката во истата ги нотирала жалбените наводи како дискриминаторски онов – лично својство и општетсвен статус. Апелациониот суд како второстепен суд и суд кој го цени работењето на првостепениот суд утврдил дека првостепениот суд дал доволно образложени причини за решавачките факти од кои се раководел при одлучувањето и дека одлуката може со сигурност да се испита. Одлуката на судот, во контекст на наводите, судот ја образложил како што следи:

- По однос на наводите дека првостепениот суд незаконски постапил и на тужителката не и била дадена можност да расправа и не била сослушана од судот на начин што судот не го прифатил нејзиното барање за одлагање на рочиштето за распит на странки затоа што тужителката била оправдано отсутна поради медицински причини и на истото рочиште бил сослушан само тужениот во својство на странка – Апелациониот суд Скопје ценел дека во обжалената пресуда се дадени доволно образложени причини по однос на тоа зошто го одбил барањето за одлагање на рочиштето, имајќи го предвид целиот


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

тек на постапката и доставениот доказ за резултати од крвни анализи на тужителката кои не биле поткрепени со лекарска документација, односно дека поради таквата лабараториска анализа тужителката не била во можност и не била способна да патува или обавува други активности. Ова особено што од дополнително приложената потврда од 14.09.2021 година произлегувало дека била дадена препорака да не се патува во странство поради висок ризик од епидемија со Ковид – 19 кое нешто судот не можел да го прифати како оправдување имајќи предвид дека ваквата состојба траела подолго време, а не бил доставен доказ од релевантната институција за истото барање. Следствено, судот правилно одлучил кога го одбил барањето за одлагање, а во прилог на ова е фактот дека судот ги ценел доказите во постапката од обете страни, но за одредени аргументирано појаснил дека не го докажуваат фактот во прилог на бараното право.

- За судот неспорна е претпоставката според одредбата од член 75 став (2) од Закон за сопственост и други стварни права дека заедничкиот имот им припаѓа на брачните партнери на еднакви делови па за делот од стекнатото во временски перид кога е утврдено дека странките биле во фактичка заедница и имотот го стекнале со намера за подобрување на нивниот брачен и семеен живот па го прифатил барањето на странките за основано, но согласно одредбата од став (3) од истиот член правилно нашол дека по барање на еден од брачните другари судот може да определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар. Според Апелациониот суд Скопје, видно од сите изведени писмени докази во текот на постапката кои се однесувале на регистрирањето и понатамошниот тек на усогласувањето на друштвата [redacted], сите податоци на друштвата и нивните договори за основање, евидентно било дека тужителката, односно [redacted] ниту во создавањето ниту во надградувањето па се до денешното деловно работење немала учество и придонес во истите кој пак би можел да се валоризира како нејзин удел или парично побарување што произлегувало од сите акти на наведените правни лица доставени од полномошниците на тужителката во постапката. И во овој наврат судот посочува дека првостепениот надлежен суд обезбедил разгледување на сите докази од обете странки и не се водел во утврдување на фактичката состојба само од доказите кои биле доставени од тужената со тужбата и противтужбата или од тужениот во противтужбата во текот на постапката, ниту пак во некој момент ја ставил именуваната во понеповолна положба ограничувајќи и одредено право во постапката.

Заклучно, Апелациониот суд Скопје наоѓа дека погоренаведените образложенија ги исцрпуваат сите наводи за <u>наводно</u> случена продолжена индиректна дискриминација по основ на лично својство и општетсвен статус врз [redacted] од Скопје презентирани во претставката за заштита од

дискриминација со што во целост се исклучувало тврдењето дека "[redacted] општествено позната личност со огромна и политичка и финансиска моќ" бил нотерен факт од значење при одлучување на судот со што се исклучува појава на наведената дискриминаторска основа. Како резултат на сето наведено, Апелациониот суд Скопје и предлага на Комисијата да ја одбие предметната претставка за заштита од дискриминација.

1.5 На 02.10.2024 година во Комисијата пристигнато е Известување СУ-03-1042/24 од 27.09.2024 година на претседател на Основен граѓански суд Скопје, судија м-р Бесник Авдија кон кое е приложено Произнесување по наводи во претставка [redacted] од судијка [redacted] од 25.09.2024 година. Во произнесувањето се наведува дека по однос на околноста дека постапката пред Основниот граѓански суд Скопје е водена повеќе од четири години и поголемиот дел на закажаните рочишта се одложени повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта поради барање за вонсудско спогодување од страна на тужениот, откако предметот именуваната судијка го добила во работа отпочнала со постапката и ја завршила постапката во целост, со донесување на пресуда. Укажува дека барањата за одлагање на рочиштата биле по согласност и на полномошниците на тужителката и полномошникот на тужениот, со цел да постигнат вонсудски порамнувања, но како истото не било направено, судот понатаму продолжил да постапува.
Се наведува дека се неосновани наводите истакнати во претставката дека Основниот граѓански суд Скопје индиректно, преку навидум неутрална практика ја ставил [redacted] во понеповолна положба врз дискриминаторски основ, односно лично својство и општествен статус во споредба со друго лице, конкретно [redacted] на начин што е водено нефер судење и дискриминирање на странката особено во однос на повикување на именуваната на распит. Имено, во ниту еден сегмент во постапката и постапувањето од страна на судијката по предметот немало никакво дискриминирање по ниту еден основ на двете странки кои имале тужби, односно тужба и противтужба по кои судот во целост постапувал согласно одредбите на Закон за парничната постапка и Законот за сопственост и други стварни права. Заклучно се наведува дека судот наоѓа дека наводите на странката се неосновани и дека во текот на постапувањето не се сторени никакви дискриминаторски дејствија со кои подносителката би била ставена во нееднаква положба споредено со другата странка во постапката.

1.6 На 01.10.2024 година во Комисијата пристигнат е Одговор на барање [redacted] од 27.09.2024 година од претсдеател на Врховен суд на Република Северна Македонија, судијка Беса Адеми во прилог на кој е доставен Одговор [redacted] од 13.09.2024 година од судиите [redacted] и судија [redacted] при Врховниот суд на Република Северна Македонија, Оддел за граѓански дела.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во Одговорот е наведено дека подносителката на претставката [redacted] смета дека е дискриминирана по основ на лично својство и општетсвен статус со донесувањето на одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија [redacted] од 10.10.2023 година со која ревизијата на именуваната тужителка – противтужена е одбиена како неоснована, а одлуките на пониските судови се потврдени. Наведеното од причина што сметала дека постапката за делба на заедничкиот имот стекнат во брак со поранешниот сопруг [redacted] неосновано се одолговлекувала со одложување на 13 (тринаесет) рочишта пред Основниот граѓански суд Скопје, дека именуваната не била сослушана во својство на странка во текот на постапката и дека судовите направиле делба на заедничкиот недвижен имот, но не и делба на стекнати удели во правни лица запишани на име на [redacted] со образложение дека не ги докажала, а истите претставувале дури 90% од заедничкиот имот стекнат во брак.

Понатаму во одговорот се цитираат одредбите од Закон за спречување и заштита од дискриминација, и тоа член 6 со кој е утврдено што претставува дискриминација, член 8 став (2) од истиот закон со кој е утврдено што претставува индиректна дискриминација, па член 2 од Закон за судовите со кој е уредено дека судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз оснва на Устав, закони и меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот. Крајно наведена е одредбата од член 3 исто така од Закон за судовите според која *"Целите и функциите на судската власт опфаќаат: непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото."*

Земено предвиод сето, а со оглед да судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно уставот, Врховниот суд својата пресуда [redacted] од 10.10.2023 година ја донел со проучување на сите списи во предметот, ценејќи ги истакнатите наводи во Ревизијата на тужителката и одговорот на Ревизијата. Судот според наведеното, одлучувал врз основа на закон, дал образложен одговор на ревизиските наводи од тужителката и мислење зошто се согласува со одлуките на пониските судови. При одлучувањето ги почитувал целите и функциите на судската власт и обезбедил непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките, еднаквост и рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Заклучно, Врховниот суд постапката ја водел врз основа на конкретни одредби од Закон за парнична постапка, одлуката ја донел со примена на конкретно наведени законски одредби од материјалното право кои подеднакво важат за сите граѓани на државата и не ја довел подносителката на претставката – Катерина Јанковска во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со нејзиниот поранешен сопруг.

1.7 На 10.10.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до Основен граѓански суд Скопје со Барање број 08-565/8 за дополнителни податоци за тоа:

- Од кои причини, односно која е легитимната цел заради која постапката ХХП3-6/17 водена пред Основен граѓански суд Скопје, судот допуштил одложување на 13 (тринаесет) подготвителни расправи поради барања за вонсудско спогодување од страна на тужениот во постапката, [redacted] и
- Од кои причини, односно која е легитимната цел заради која наведениот суд не дозволил одлагање на главната расправа по барање на странката во постапката – [redacted] а кон истото била приложена медицинска документација и ја заклучил главната расправа без нејзино сослушување и без сослушување на сведок предложен од нејзина страна.

1.8 По ова на 18.10.2024 година до Комисијата е доставено Известување СУ-03-1042/24-1 од 16.10.2024 година од претседател на Основен граѓански суд Скопје, сиудија м-р Бесник Авдија, кон кое е приложено Дополнително произнесување [redacted] од 16.10.2024 година на судијка [redacted]. Во истото судијката појаснува дека по однос на барањето за одлагање од страна на [redacted] поради здравствени причини, судот веќе се произнел и на рочиштето и во својата одлука која била предмет на процена од страна на повисоките судови, па во прилог доставени се Записници од подготвителни рочишта, во фотокопие, кога постапувала судечка судијка [redacted] од кои можело да се констатира дека на сите рочишта пристапувале полномошниците и на тужителката и на тужениот, со барање од страна на двајцата полномошници за можност за вонсудско порамнување меѓу странките, имајќи го предвид обемот на тужбата и тужбеното барање. Се укажува притоа дека одлагањата не биле само по барање на едната странка во постапката, односно по барање на [redacted] Понатаму, се наведува дека откако по овој предмет започнала да постапува судијката [redacted] од истите причини по предлог на двајцата полномошници на странките за вонсудско решавање на спорот биле одложени уште неколку подготвителни рочишта за што во прилог се доставени Записници, во фотокопие.

Во дополнителното произнесување понатаму дадено е појаснување за постапувањето на подготвителните рочишта одржани на 02.10.2019 година, 30.01.2020 година, 12.05.2020 година, 10.09.2020 година, 10.12.2020 година 18.01.2021 година и 28.01.2021 година. Крајно се наведува дека од приложените Записници може да се процени дека и тужителката и тужената страна по своите тужбени и противтужбени барања преку своите полномошници барале одлагање на рочиштата поради можност од евентуално вонсудско разрешување, но како до тоа не дошло судот понатаму продолжил со постапката, ги прифатил дополнително доставените докази и вештачења како од страна на полномошникот на тужителката така и од страна на полномошникот на тужениот, па судијката наведува дека со предметниот поднесок останува во целост на изјавата дека ниту во оваа постапката, ниту во било која друга по која постапувала не правела никаква дискриминација на странките по ниту еден основ, а ниту помалку по

основите наведени во претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted]

Како е наведено погоре, во прилог на дополнителното произнесување доставени се следните Записници, во фотокопие, и тоа:

- Записник 20 П3-6/17 од 09.03.2017 година за подготвително рочиште одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник 20 П3-6/17 од 11.05.2017 година за подготвително рочиште одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник 20 П3-6/17 од 05.07.2017 година за подготвително рочиште одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник 20 П3-6/17 од 27.09.2017 година од подготвително рочиште одржано пред Осноен суд Скопје 2 Скопје
- Записник 20 П3-6/17 од 17.11.2017 година од подготвително рочиште одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 23.01.2018 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 24.04.2018 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 12.09.2018 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 12.02.2019 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен суд Скопје 2 Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 06.06.2019 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 02.10.2019 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 30.01.2020 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 12.05.2020 година за подготвително рочиште одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 10.09.2020 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 10.12.2020 година за рочиште за подготвителна расправа одржано пред Основен граѓански суд Скопје
- Записник XX П3-6/17 од 18.01.2021 година за рочиште за времена мерка одржано пред Основен граѓански суд Скопје и
- Записник XX П3-6/17 од 28.01.2021 година за рочиште за времена мерка оржано пред Основен граѓански суд Скопје

1.9 На 29.10.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат достави Барање број 08-565/10 за остварување на службен разговор со полномошникот на подносителката, адвокат [redacted] од Скопје, а во согласност со член 30 став (2) од Законот за спречување и заштита од

дискриминација. Службениот разговор беше остварен на 31.10.2024 година евидентиран на Записник број 08-30/1. Полномошникот на подносителката, адвокат [redacted] од аспект на предметот на претставката за заштита од дискриминација наведе дека и покрај тоа што во записниците со кои се одложуваат подготвителните рочишта е наведено дека истите се одлагаат на барање на полномошниците на двете странки, истото било волја само на едната странка во постапката – тужената страна. Воедно посочи дека треба да се земе предвид фактот односно Начелото за судење во раумен рок од аспект на тоа зошто судот дозволил да бидат одложени повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта, а особено што рочиштето за главната распава го затворил без да ја земе предвид медицинската документација доставена од страна на тужителката, па не оставил простор за барем уште едно рочиште на кое ќе присуствувала и таа. Адвокатката посочи дека во оваа постапка пред надлежниот основен суд сведокот предложен од страна на тужителката бил одбиен па посочи дека е спорно тоа што недостасува образложение зошто судот го одбива истиот. Во други постапки посочи дека судот знае да повика и повеќе сведоци како би ја поткрепил својата конечна одлука. Воедно, наведе дека во неколку наврати судот и покрај тоа што навеременo примил поднесок од тужителката, истиот го доставувал на спротивната странка на денот на рочиштето што повлекувало одлагање на истото. Адвокат [redacted] наведе дека нема сознанија за постапувањето на полномошниците на [redacted] кои ја застапувале во постапката пред Основен граѓански суд Скопје и посочи дека од страна на ниту еден полномошник нема поднесено писмен поднесок до судот како забелешка на предметните записници. Воедно наведе дека [redacted] има поведено постапки пред надлежното обвинителство во 2011 година и во 2016 година по кои сеуште нема исход, а воедно од страна на именуваната била иницирана постапка пред Основен граѓански суд Скопје, и тоа по тужба за надомест на штета заведена под број 18П4-603/23, а од страна на [redacted] бил поднесен Предлог за делба на заеднички имот ВПП-171/22.

Достави дополнителни докази, и тоа,

- Решение XXП3-54/20; XX.П3. бр. 6/17 на Основен граѓански суд Скопје;
- Предлог за делба на заеднички имот ВПП 171-22 и
- Тужба за надомест на штета од 22.08.2023 година


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

1.10 По ова, на 05.11.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се обрати со Барање 08-565/11 за дополнителни податоци до Основен граѓански суд Скопје и побара одговор на следните прашања:

- Дали постои случај, во друг предмет каде е закажан распит на странки и во кој е побарано одлагање поради здравствени причини на едната странка со приложен доказ – медицинска потврда, а барањето за одлагање да е одбиено, присутната странка да е сослушана, расправата заклучена и предметот да е затворен. Доколку одговорот е потврден, Комисијата замоли за достава на доказ за истото;
- Дали постои друг случај, односно постапка пред Основниот граѓански суд Скопје во која рочиштето за подготвителна расправа било одложувано повеќе пати со евидентирано образложение на Записник дека постои согласност кај странките за да се спогодат вонсудски и
- Дали до сега судот има закажано рочиште по предмет 3 ВПП-171/22 и по предмет 18 П4-603/23, каде како странка се јавува истото лице – [redacted]

1.11 На 25.11.2024 година во Комисијата е пристигнато Известување СУ-03-1042/24-2 од 18.11.2024 година од претседател на Основен граѓански суд Скопје, судија м-р Бесник Авдија во кое се наведува дека во согласност со член 297 став (1) од Закон за парничната постпка, претседателот на советот, односно судијата – поединец раководи со главната расправа, ги испитува странките, изведува докази, им дава збор на членовите на советот, на странките, на нивните законки застапници и на полномошниците и ги објавува одлуките на советот. Во согласно со член 11 став (1) и став (2) од Закон за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите. Се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по било кој основ и од кој било субјект. Судијата судиската функција ја врши независно врз основа на лична оцена на фактите и во согласност со совесното разбирање на правото и примена на законот, во согласност со начелата на независност, непристрасност, интегритет, пристојност и еднаквост, стручност и совесност. На крајот во Известувањето се наведува дека по предметот 3ВПП1-171/22 зажани биле 5 (пет) рочишта, а по предметот 18П4-603/23 закажано било рочиште за на 06.11.2024 година и на 24.12.2024 година.

2.

2.1 Во <u>Универзалната декларација за човекови права на Ораганизацијата на Обединетите нации од 1948 година</u> која претставува основен општ и рамковен меѓународен акт што ја регулира материјата на човековите права и забраната за дискриминацива, во член 2 е уредено дека "*Сите права и слободи наведени во Декларацијата им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или оптшествено потекло, сопственост, раѓање или друг статус....*". Во член 7 од оваа Декларација е уредено дека ***<u>Сите луѓе се еднакви пред законот и на сите им припаѓа, без никаква дискриминација, еднаква заштетита со закон</u>.*** *На сите им припаѓа еднаква заштита од каква и да е дискриминација што е спротивност на оваа Декларација и од какво и да е поттикнување на таква дискриминација."*

2.2 Забрана за дискриминација предвидува и <u>Европската конвенција за човековите права и основни слободи од 1950 година</u> која претставува правно обврзувачки документ за сите европски држави што ја ратификувале и се обврзале со неа и протоколите кон истата преку домашното право да ги прокламираат правата кои истата ги гарантира и да обезбедат правна заштита за секој поединец на национално ниво. Оваа забрана е опфатена со член 14 од Конвенцијата според кој "*Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција , треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, политичко или кои и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус".*

2.3 Во рамки на националното законодавство, во член 6 став (2) од Законот за судовите[1] е уредено дека "*При одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење <u>во разумен рок</u> пред независен и непристрасен суд основан со закон".* Во член 10 став (1) точки 1, 2 и 3 од овој закон се уредува дека "*Постапката пред судот се уредува со закон и се заснова на начелата на законитост и легитимност, рамноправност на странките и правичност, помеѓу останатите начела".* Конечно, во член 11 став (1) од истиот закон е утврдено дека "*Судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите".*

2.4 Во Законот за парничната постапка[2], во член 5 од истиот е уредено дека *"Судот на секоја странка ќе и даде можност да се изјасни за барањата и наводите на противната странка".* Членот 10 од законот децидно уредува дека "*Судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и*

[1] Службен весник на Република Македонија, 58/06, 62/06, 35/08, .61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/19

[2] Службен весник на Република Македонија, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во член 271 од истиот закон уредено е дека *"По приемот на одговор на тужба или по протекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од 8 дена ќе закаже подготвително рочиште, а истото ќе го одржи најдоцна во рок од 50 дена сметано до денот на закажувањето. Странките се должни најдоцна на подготвителното рочиште да ги изнесат сите факти и докази врз кои ги засноваат своите наводи, како и да ги доставаат исправите и предметите кои имаат намера да ги употребат како доказ"*.

Член 278 од законот уредува дека *"На подготвителното рочиште судот ќе ги определи денот и часот на одржување на рочиштето за главна расправа во рок кој не може да биде пократок од осум дена ниту подолг од 60 дена, а во сложените предмети најмногу до 90 дена сметано од денот на одржаното подготвително рочиште, доказите кои ќе се изведуваат, сведоците и вештаците кои ќе бидат поканети на главната расправа. Судот може да одреди главната расправа да се одржи веднаш по подготвителното рочиште"*.

3.

Врз основа на сето изнесено, особено земени предвид наводите во претставката, произнесувањата по истите прибавени од надлежниот основен суд и повисоките судови, дополнително доставените податоци и целокупно прибавениот доказен материјал во врска со предметот на претставката, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: подносителката на претставката [redacted] од Скопје била во брак со лицето [redacted] од Скопје, кој брак бил разведен со Пресуда на надлежниот суд бр. П2-1109/13 од 03.02.2014 година. По ова од страна на [redacted] пред Основниот граѓански суд Скопје била поведена постапка за утврување на право на сопственост на дел од заеднички имот стекнат за времетраење на брак, која завршила со Пресуда РЕВ2-235/22 од 10.10.2023 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по траење на истата од повеќе од 6 (шест) години, а со која се потврдиле пресудите на пониските судови, односно на Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје. Во текот на постапката која се водела пред надлежниот првостепен суд биле одложени повеќе од 13 (тринаесет) подготвителни рочишта заради вонсудско спогодување на странките. Од Записниците доставени како доказ кон Одговорот на првостепениот суд е видно дека одложувањата биле на барање, односно со согласност на полномошниците на двете странки во постапката, и тоа тужителката [redacted] и тужениот [redacted] Дополнително, полномошниците на [redacted] кои во текот на постапката се менувале во неколку наврати, не ставиле забелешка, односно приговор на некој од Записниците за одложените подготвителни рочишта. Дополнително, <u>во постапката пред Комисијата остана непознато дали пред првостепениот суд била водена постапка во која би се забележала иста или слична пракса, односно дали била водена постапка во која биле</u>

одложувани повеќе подготвителни рочишта на барање на полномошниците на странките со цел вонсудско спогодување.

За Комисијата за спречување и заштита од дискриминација неспорен е фактот дека судовите во постапувањето се независни и непристрасни и дека судиите одлучуваат непристрасно со примена на законот, врз основа на слободна оцена на доказите. Воедно забраната на секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, претставува императив, а онака како е предвидено со специјалниот Закон за судовите.

Со оглед на сето изнесено, постапувајќи исклучиво во рамки на своите законски утврдени надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во конкретниот случај одлучи како во диспозитивот на ова мислење и посочува дека не можеше да утврди компаратор, односно споредбена ситуација, што е неопходно за одлучување во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација , а во контекст на член 6 од истиот согласно кој "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Скопје,
14.01.2025 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Основен граѓански суд Скопје, бул. "Гоце Делчев", бр. 3, Скопје
    - За претседател, судија м-р Бесник Авдија
- Апелационен суд Скопје, бул. "Крсте Мисирков", бр. 1, Скопје
    - За претседател, судијка Мери Дика Георгиевска
- Врховен суд на Република Северна Македонија, бул. "Крсте Мисирков", бр. 8, Скопје
    - За претседател, судијка Беса Адеми
- Архива на КСЗД